28 212

ВЕЧЕР ☆ 27 октомври 1981 година

5693, 8,

**СРЕДБА СО АКАДЕМСКИОТ СКУЛПТОР ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ, ЛАУРЕАТ НА НАГРАДАТА ЗА СКУЛПТУРА НА СОЈУЗОТ НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА ЈУГОСЛАВИЈА**

# Скулптури за Лондон

**● ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ: — ВО МОМЕНТОВ КАЈ НАС МОШНЕ ИНТЕНЗИВНО, БЕЗ НИКАКВИ ВАКУУМИ, СЕ СОЗДАВААТ ВРВНИ ЛИКОВНИ ДЕЛА!**



ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ

Реномираниот македонски академски скулптор Петар Хаџи Бошков за своите скулптури поместени во рамките на традиционалната изложба на Сојузот на друштвата на ликовните уметници на Југославија, што пред извесно време беше отворена во Музејот на современата уметност во Скопје, стана добитник на највисоката награда на Сојузот за скулптура.

Вчера со Петар Хаџи Бошков, во просториите на Факултет за ликовна уметност во Скопје, водевме пригоден разговор при што најнапред му честитавме на ова високо сојузно признание за врвни остварувања во областа на скулптурата.

**— Наградата што ми е доделена, ни рече Петар Хаџи Бошков, секако дека ми причинува задоволство, но со оглед на мојата возраст и на мојот ликовен опус, искрено ќе кажам дека таа нема да претставува некаков стимул за понатамошното творештво од простата причина што таквиот стимул кај мене веќе постоел многу поодамна за да можев да го достигнам тоа што сум го постигнал и за кое ете деновиве добивам уште едно признание. Сепак е мошне пријатен моментот на признанието кога се добива како потврда на повеќегодишни истражувања и реализации на одделни ликовни размисли.**

— Изложбата на Сојузот во Скопје, продолжи Петар Хаџи Бошков, е интересна и по тоа што е компонирана според критериумите на одделните републички и покраински друштва што од друга страна пак беше причина изложбата да добие мамутски димензии и призвук на ревијалност што ни оддалеку не ја намалува вредноста на оваа изложба. Сметам дека на оваа скопска сојузна изложба современата македонска ликовна уметност сосем заслужено зазема достоинствено место.

— Над што работите сега?

**— Мојата работа над скулптурата е континуиран процес. Во моментов се наоѓам непосредно пред реализацијата на една цела колекција на скулптури во бронза од кои ќе извршам постановка на три одделни самостојни изложби комплетирани и со цртежи и графики. Со првата самостојна изложба од овие скулптури наскоро ќе се претставам во Лондон каде што веќе имам излагано пред повеќе од две децении, а и другите две изложби ќе бидат надвор од нашата Република. Се разбира, за мене секогаш претставувале големо задоволство и самостојните настапи во Скопје, па затоа во главниот град на нашата Република ќе се претставам со една селекција од овие три претстојни самостојни изложби.**

— Посебно сакам да нагласам, ни рече на крајот Петар Хаџи Бошков, дека во моментов кај нас (и покрај тешкотиите од материјален карактер, зашто создавањето на ликовни дела, посебно од областа на скулптурата, бара големи лични инвестиции) мошне интензивно, без никакви вакууми, се создаваат врвни ликовни дела!

Творби од Петар Хаџи Бошков досега се застапувани на сите најзначајни репрезентативни изложби на современата македонска ликовна уметност во земјата и странство. За своите осведочени постигања во областа на ликовната уметност Петар Хаџи Бошков е добитник на голем број општествени награди и признанија меѓу кои и на наградата „11 Октомври" што ја доделува Собранието на СРМ.

Петар Хаџи Бошков е автор и на повеќе монументални споменици.

Т. Ширилов